Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

# Извадок на дел од дневни настани 28.09.2020

На 27.09.2020 часот од 13.00 до 19.00 часот на подрачјето на СВР Велес била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле регистрирани 33 прекршоци, од кои 13 во Велес, 12 во Кавадарци и осум во Неготино. Возачите се санкционирани со соодветни пријави.

На 27.09.2020 во 18.25 часот во СВР Битола било пријавено дека на ул. „Столарска", пред крстосница со кружен тек со ул.„Филип Втори Македонски", патничко моторно возило „фолксваген шаран" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Р.Ј.(36) од с.Јеловјане, тетовско, удрило во велосипед, управуван од Р.Н.(43) од Битола. Во незгодата, велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Клиничката болница Битола. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Битола.

На 28.09.2020 во 02.15 часот било пријавено дека на регионалниот пат Мушев гроб- Кавадарци. патничко моторно возило „голф" со неготински регистарски ознаки, управувано од А.Р.(20) од Неготино излетало од коловоз. Во незгодата, 17- годишна сопатничка од Кавадарци се здобила со тешки телесни повреди, а возачот се здобил со телесни повреди констатирани во Општата болница Кавадарци. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Кавадарци.

На 27.09.2020 во 22.00 часот во Полициската станица Радовиш, Џ.Ј. од Радовиш пријавил дека неговата малолетна ќерка, за која претходниот ден пријавил дека се оддалечила од домот, се вратила дома.

На 27.09.2020 во 12.35 часот во Полициската станица Чаир, К.Х.(47) од с.Визбегово, скопско, пријавил дека на ул.„Качанички пат" бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против Д.М.(44) од Македонска Каменица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување". Во периодот од 01.01.2017 до 30.05.2017, пријавениот, како поранешен градоначалник на општина Македонска Каменица, без да спроведе постапка со барање за прибирање понуди и спротивно на член 28 и член 100 од Законот за јавни набавки, во повеќе наврати без одлука и спроведена постапка за јавна набавка извршил набавка на стоки и услуги во вредност над 500 евра, во денарска противвредност без да овозможи еднаков третман на економските оператори и без да спроведе транспарентна постапка при процесот на набавки на стоки и услуги, извршил и набавка на стоки и услуги од повеќе правни лица во вкупна вредност од 403.996 денари и овозможил на правните лица од кои извршил набавка да се стекнат со некаква корист. Набавките ги вршел без одлука и без да бидат предвидени во годишниот план за јавни набавки.

На 27.09.2020 во 12.15 часот во СВР Скопје, од Казнено-поправната установа „Идризово" било пријавено дека на 26.09.2020 во 01.30 часот осуденикот Д.Ј.(39) од Скопје со употреба на сила од осуденикот К.Ј.(54) од Скопје одзел пари. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 27.09.2020 околу 13.00 часот во СВР Битола било пријавено дека во подножјето на планината Баба настанал пожар во кој гори нискостеблеста шума и сува трева. Во 16.00 часот пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Битола. Повредени лица нема, а увид бил извршен.

На 27.09.2020 во 13.30 часот во СВР Скопје, Ј.И.(23) с.Визбегово, скопско и А.Н.(46) од Скопје пријавиле дека на крстосницата на бул.„Словенија" со „Качанички пат", по претходно недоразбирање во сообраќајот, лице кои управувало патничко возило „ауди" со бугарски национални ознаки со оружје им упатувало закани. По преземени мерки возилото и возачот биле пронајдено. Се работи за лицето Г.К.(35) од Скопје, кој бил приведен во полициска станица за понатамошна постапка.

На 27.09.2020 во 07.20 часот на локалниот пат с.Таринци–с.Балван, штипско, полициски службеници од СВР Штип забележале и запреле девет странски државјани-мигранти. Утврден им бил идентитетот и се работи за А.Ш.А.(22), Ф.А.Г.(24), З.К.(25), А.Н.(22), Н.Ф. (24), И.Н.(23), Б.А.(26), А.Н.(28) и А.В.(24), сите од Пакистан. Тие биле задржани и предадени на полициски службеници од Полициската станица за Граничен премин и Граничен надзор Ново Село за понатамошна постапка.

На 27.09.2020 во 16.40 часот во СВР Скопје, А.М.(45) од Скопје пријавила дека на 26.09.2020 околу 23.50 часот на ул.„Благоја Стефковски" нејзината ќерка, по претходна расправија, била физички нападната од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.09.2020 во 14.20 часот во СВР Скопје, З.Ј.(42) од с.Стајковци, скопско, пријавил дека околу 12.30 часот во с.Стајковци, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Б.С.(63) и З.Ј., двајцата од с.Стајковци. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 27.09.2020 околу 23.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Јуриј Гагарин" настанал пожар во патничко возило „ауди", сопственост на С.С.(41). Извршен е увид.

На 27.09.2020 во 13.15 часот на паркинг кај ХЕЦ- Матка во Скопје, патничко возило „шкода октавија", сопственост на МВР, управувано од О.М. (44) , враќајќи се наназад удрило во запрен мопед „Јиајуе" со скопски регистарски ознаки, запрен од М.Ѓ.(22), и запрен мопед „Јиајуе" со скопски регистарски ознаки, запрен од С.Ѓ.(21), двајцата од Скопје. Во незгодата, со телесни повреди се здобиле две сопатнички на мопедите, Е.П.(19) од Скопје и К.Б.(19) од Скопје, констатирани во болницата „8-ми Септември" во Скопје. Извршен бил увид од екипа на СВР Скопје.

На 27.09.2020 во 15.30 часот во Полициската станица Бит Пазар, А.Б.(38) од с.Јурумлери, скопско, пријавил дека околу 14.30 часот на бул.„Никола Карев" во Скопје неколку лица со употреба на сила и закана со остар предмет му одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

ОВР Радовиш поднесе кривична пријава против Д.С. од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 14.08.2020 во с.Ораовица пријавениот упатувал закани кон полициски службеник кој извршувал службени дејствија.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет